# 122. ЧЕТВОРИЦА КУМИТИ




Четворица кумити низ Кршисер врвеја,
низ Кршисер врвеја, право Гари влегоја.

Првиот ми беше Стојанчо Паун кумита,
другиот ми беше Стефанов Мицо кумита.

Третиот ми беше врвеше Алексо Кирко кумита,
четвртиот ми беше врвеше Пејданчо Блажо кумита.

Чукам, чукам на врата: Отвори ми невесто,
отвори ми невесто, невесто млада Стојанице.

Она си слезе од чардак и си врата отвори,
Добор вечер, невесто! Дал бог добро, кумити!

Стојан си вели говори: Невесто млада Стојанице,
качи се горе в одаја, отвори долап мусандра,
извади шише ракија, тајфата да ја напија.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995